Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

рег. бр. 16.1.2- 201/3

Скопје 20.02.2025

До
[redacted]

**Предмет: РЕШЕНИЕ за одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

Министерството за внатрешни работи, врз основа на член 14, 20, 21 и 24 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Сл.в. на РСМ„ бр.101/2019), а согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Сл.в.на РСМ„ бр.60/20), во врска со Барање од [redacted], со бр.16.1.2-201/1 од 07.02.2025 година, го донесе следното,

## РЕШЕНИЕ
### за одговор на барање за слободен пристап до бараната информација

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, со бр.16.1.2-201/1 од 07.02.2025 година, по извршените проверки во надлежните организациски единици и согласно податоците со кои располагаме, Ве известуваме дека вкупниот број на поднесени барања за стекнување на државјански статус е следен:

| | Поднесени апликации за стекнување на државјанство | Решенија за државјанство по лица |
|---|---|---|
| 2019 | 1711 | 1153 |
| 2020 | 963 | 467 |
| 2021 | 2095 | 416 |
| 2022 | 5237 | 985 |
| 2023 | 3549 | 1234 |
| 2024 | 6367 | 1169 |


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2015

Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

Во однос на поднесени барања за стекнување на државјанство генерално има поднесоци од скоро сите држави во светот, но со законските измени во 2021 година најголем дел од барањата за стекнување на македонско државјанство се поднесени од страна на државјани на Р.Турција.

Покрај овие апликации, голем дел од барањата се поднесени од страна на лица од албанска, српска, ромска и останати националности.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до Министерство за внатрешни работи.

По добивањето на барањето од страна на Одделот за односи со јавност и стратешки прашања беше доставено до Оддел за граѓански работи, од каде добиениот одговор му го доставуваме на барателот.

Правна поука: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Изработил: Марија Јаковлеска**
**Контролирал: Гоце Андреевски**

**ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ**
**Мухамед Исмаиљи**


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015